Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 01 август 2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на барање за промена на категорија на приклучок**

1. Се одобрува барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.09-1712/1 од 8 јули 2024 година и бр. 09-1778/1 од 19 јули 2024 година за промена на категорија на приклучок на корисникот Друштво за трговија и угостителство ТАУРУС Стојан увоз-извоз ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. Димитар Влахов бб, Кочани, со ЕДБ: 4030992102200 и тоа:
   – место на потрошувачка: 000000258529
   – адреса на мерно место: Оризари
   – постоечка категорија на приклучок: LV1.2
   – нова категорија на приклучок: LV2
   – напонско ниво на мерење: низок напон
   – локација на мерење: низок напон.
2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93, став (3), точка 5) од Законот за енергетика* за промена на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на Друштвото за трговија и угостителство ТАУРУС Стојан увоз-извоз ДООЕЛ Кочани, и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, на 11 јули 2024 година и на 25 јули 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок на корисникот Друштво за трговија и угостителство ТАУРУС Стојан увоз-извоз ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. Димитар Влахов бб, Кочани, бр.09-1712/1 од 8 јули 2024 година и бр. 09-1778/1 од 19 јули 2024 година, заведени во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-1308/1 од 11 јули 2024 година и бр. 12-1308/2 од 25 јули 2024 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV1.2 во LV2 на Друштвото за трговија и угостителство ТАУРУС Стојан увоз-извоз ДООЕЛ Кочани, со место на потрошувачка: 000000258529 и адреса на мерно место: Оризари. Барањето е поднесено затоа што Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како оператор на електродистрибутивниот систем, планира реконструкција на приклучокот кој моментално е поврзан на електродистрибутивната мрежа преку самостоен извод на сопствена трафостаница која согласно информациите од ОДС е надвор од употреба. Со реконструкција корисникот ќе биде поврзан на нисконапонска мрежа заедно со други корисници. Поради тоа потребно е да се промени категоријата на приклучок од LV1.2 во LV2.

Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави ГИС скица, фотографии од мерното место и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 5) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (“Службен весник на Република Македонија” бр. 95/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 271/20, 159/22 и 270/23) согласно кој во категоријата LV2 припаѓаат сите нисконапонски приклучоци што не се опфатени со категориите LV1.1 и LV1.2, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-1308/3**
**01 август 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**